сум присутен од 1972 година, прво со специјализацијата во Скопје, три години, а потоа во Општата болница во Прилеп во состав на Медицинскиот центар. Со службата за радиологија раководев ре-

рендгенски зраци. Работата која ја одбрав е хумана, во служба на народот и затоа на своите колеги им порачувам совесно да ја извршуваат во интерес на пациентите“.

Д. НЕДЕЛКОСКА

Р БАШЕСКИ:

# МИНАЛЕ НАПРАЗНО



– Пред сè тука се моите оригинални дела. Имам 11 поетски книги, почнувајќи од првата „Нож во каменот“, па се до последната „Јас, Григор Прличе“. Потоа имам многу преводи на планот на книжевноста – од поезијата, прозата, есеистиката, критиката. Се разбира, заради тоа што сум имал можност да патувам по светот, а пред десетина години предавав тригодини македонски јазик и книжевност на Универзитетот во Неапол. Италија“, учествував на меѓународни конкурси за поезија и таму ги добив најголемите награди. А 1988 г. бев и лауреат на Академијата „Деи Диоскури“ од Рим. Тој миг е незаборавен и ми се чини и сега го доживувам тоа чувство кога ја примам Златната плакета за животно дело.

С. В. Р

ЗЛАТКО КРСТЕСКИ:

# УМЕТНОСТА Е РИЗИЌ, ЈАС ГО ПРИФАЌАМ

Прилепскиот репродуктивен уметник Златко Крстески е еден од тројцата прилепчани кои по повод Денот на ослободувањето на Прилеп се добитници на посебни признанија. Роден е во Прилеп на 2 август 1969 година. Училиште за применета уметност заврши во Скопје на отсекот сликарство. Покрај сликарството Крстески е присутен и во неколку други уметнички медиуми како што се: стрип-цртежот, уметничката карикатура, моил артот и сите други креативни ликовни дисциплини.

И ако е невработен, Крстески е најнеуморниот творец кој се залага за поширока афирмација на Прилеп и Македонија во светските простори, па затоа и ...ност. Крстески не крие дека секоја награда е посакувана од секој уметник, но таа, вели овој млад репродуктивец, обврзува уште повеќе.

И покрај невообичаената скромност кога треба да зборува за своите дела и успесите пред се на светските ликовни простори, Крстески само потсетува дека е застапен во антологиите на пет земји во светот и двете на ЦД-ром и на Интернет. Во оваа пригода би ги истакнале неговите награди за стрип во „Студентски збор“ наградата за стрип-цртеж од филмската младина на Македонија, наградата за еко карикатура.Покрај учеството на прилепската ликовна колонија Златко Крстески во два наврати беше гостин во соседна Југославија како учесник на стрип работилниците „Стрипер“ и „Кинема рекс“. Крстески беше и организатор на два меѓународни



Златко Крстески

меил арт проекти во уметничките галерии во Битола и Прилеп.

Кога станува збор за работата, тој и натаму незапирливо творечки се изразува во сите ликовно-креативни дисциплини како што се сликарството, стрипот, уметничката карикатура, меил артот...

Со сопствени средства, потпомогнат и од различни фондации со меѓународно реноме, Крстески уметноста ја сфаќа како ризик, како иден вид коцкање или лотарија, во што му посакувам успех без загуби.



Noemvri 55